Кочо СИДОВСКИ

# ОДГЛАСОТ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО ИТАЛИЈА ВО 1903 ГОДИНА

## а) Италијанската јавност за ситуацијата во Македонија пред избувнувањето на Илинденското востание

Отоманската империја во крајот на XIX и почетокот на XX век сериозно покажуваше симптоми на распаѓање. Капиталите на големите империјалистички држави добиваа сè поголема доминантна положба во турското стопанство. Сето тоа ја зголемуваше зависноста на Отоманската империја а со тоа се комплицираше и нејзината надворешно-политичка положба. Сè поголем замав добиваа националноослободителните движења на поробените народи и со тоа сè повеќе се влошуваше внатрешната положба во Отоманската империја. Македонското националноослободително движење, по својот замав што го имаше, значеше исто така сериозен удар на веќе разнишаните темели на државата на „Болниот човек".

Тешките економски и политички услови во крајот на XIX и почетокот на XX век, го принудија македонскиот народ во револуционерната борба да бара спас од сè поголемата угнетувачка политика на турските феудалци. Иако во тоа време не бил доволно подготвен а истовремено и не бил упатен во затскулисните борби и мешањето отстрана во работите на македонското националноослободително движење, сепак македонскиот народ зеде масовно учество во Илинденското востание.

Избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година, предизвикало силно внимание во цела Европа, особено сред прогресивните општествено-политички кругови. Соодветно тоа имало силен одглас кај италијанското општествено мислење кое ги изразувало своите симпатии спрема македонското ослободително дело и барало енергична интервенција за подобрување положбата во Македонија.

Заинтересираноста на Италија за состојбата во Македонија датирала од поодамна, со оглед на тоа што таа се наоѓала на

централното подрачје во рамките на Отоманската империја. Значителна улога во информирањето за состојбата во Македонија имале италијанските конзуларни претставници, кои се стремеле да го обезбедат италијанското влијание.[1]) Тие, од своја страна, со знатен интерес го следеле македонското националноослободително движење и за него со подробности ја известувале својата влада.

Македонското прашање, покрај значителниот интерес што го предизвикувало кај италијанските официјални политички кругови било разгледувано исто така и на страниците на италијанскиот печат во годините пред почетокот на Илинденското востание. Разгледувајќи ја тешката положба на христијанското население во Македонија, поради угнетувањето од страна на Отоманската империја, италијанскиот печат решително се искажувал во полза на обесправеното население во Македонија. Речиси сите видни органи ја осудувале дотогашната рамнодушност спрема турското бесправие во европските поседи на султанот. Весникот „Tribuna"[2]) кој ги изразувал погледите на италијанската влада, во тоа време напечатил неколку статии по македонското прашање. Весникот отворено велел дека тогаш пред европските сили стоела дилемата: широки реформи, во смисла на автономија, или пак разделување на турските поседи. Друг начин за разрешување на македонското прашање што и́ се налагало на Европа, според пишувањето на споменатиот весник, бил невозможен. Со такви реформи, какви што ги издала турската влада, не можело да се постигне смирувањето на Македонија и да се зачува мирот на Балканскиот Полуостров. „Tribuna" предлагала големите европски сили да го осигурат животот на христијаните со целосна автономија. Што се однесува до Италија, таа, верна на своите традиции, ќе застанела на страната на христијаните, кои ужасно страдале од бесчовечната управа на Отоманската империја, на која Европа ѝ гарантирала полно самоуправување.[3])

Настаните на Балканскиот Полуостров, особено во Македонија, освен што предизвикувале внимание кај печатот и политичките кругови набргу го привлекле вниманието и на италијанскиот парламент. Ова особено било во врска со акциите што владата имала намера да ги преземе по трагичните настани во Солун. (Станува збор за Солунските атентати — б.м.).

Во европската јавност и во дипломатските кругови, Солунските атентати биле отпрвин пречекани со изненадување и вни-

---

[1]) Италијанските конзулати во Македонија биле отворени: во 1860 година кога за конзул на Сардинското кралство во Солун е наименуван Фернандез Саломон, кој продолжил да ја врши својата должност и по создавањето на италијанското кралство во 1861 година; италијанскиот конзулат во Битола бил отворен во 1895, а во Скопје 1902 година.

[2]) Весник со умерено-либерален поглед.

[3]) Реформи, (София), IV/44, 11. I 1903, 1.

мание. Сè повеќе започнало да се зборува за македонските работи и да се предлагаат можностите за решавање на прашањето на Македонија.

Овие настани предизвикале сериозно внимание и кај италијанската влада и тоа воглавно од две причини. Прво, од нејзината глобална источна политика каде што се залагала за одржување на статус-квото на Балканот во дадениот момент и второ, поради заштитата на нејзините поданици што ги имала во значителен број во Солун. И во таа смисла се толкувало испраќањето на италијанските воени бродови во Солун. Треба да се истакне дека оваа мерка, од една страна, влијаела на султанот многу непријатно, а од друга страна, револуционерните комитети во неа можеле да видат доказ, дека ја постигнале својата цел т.е. мешањето на Европа. Тоа биле идеите од кои се раководела Италија, а и останатите сили при решавањето за таа мерка.[4])

Во извештаите на италијанските дипломатски претставници се наоѓаат регистрирани извесни податоци кои се однесуваат за нивната оценка за дејноста на раководителите на Внатрешната револуционерна организација, а исто така, такви податоци наоѓаме и во литературата за прашањето на ставот на Италија спрема македонското прашање во годините непосредно пред избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година.[5])

Италијанските дипломатски претставници и италијанскиот печат го регистрирале убиството на водачот и стратегот на македонското националноослободително движење Гоце Делчев.[6])

Покрај заинтересираноста на италијанската влада за настаните кои се одвиваа во Македонија непосредно пред избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година, кај која известувањата за крвавите судири во несреќната Македонија предизвикувале само совети за благоразумност, на голем одглас тие наишле и сред широката италијанска јавност, особено кај нејзините прогресивни кругови.

Во ова време во Италија сè повеќе се ширувало движењето во полза на угнетените народи во Отоманската империја — движење, кое било диктирано, од хуманоста и сознавањето на општочовечката солидарност. Насекаде биле организирани комитети „Pro Armenia e Macedonia" („За Ерменија и Македонија"), што се стремеле, преку митинзи и агитација во печа-

---

[4]) Боровић В., Дипломатска преписка краљевине Србије, књига прва (1. Јануар. 1902—1 јуна 1903). Београд, 1933, 709—711.

[5]) Види: Angelo Pernice, Origine ed evoluzione Storica delle Nazioni balcaniche. Milono, 1915. 329—330.

[6]) За ова види: Archivio Storico del Ministero degli Affari Esteri — Roma, Архив на Македонија — Скопје, во натамошниот текст АМС Sofia 25 maggio 1903, M-LX/710; Потоа весниците „Avanti", 8 maggio 1903, 1; Il Giornale d'Italia, 8. V 1903, 3. Corriere della Serra, 10 i 13. V 1903, 3. Цитирани според Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев, IV том, 26, 27, 28, 31, 32, 36.

тот, да го натераат италијанскиот парламент и владата да дејствуваат за поенергични постапки од страна на Европа во полза на христијанското население во Отоманската империја.

Во Милано[7]) бил одржан митинг, на кој зборувале познати италијански општествени активисти, без разлика на политичкото убедување, почнувајќи од духовенството, во лицето на дон -Вергези, и завршувајќи со социјалистите. Сите говорници еднодушно протестирале против неактивноста на европската дипломатија, која гледала рамнодушно врз убивањето на Македонците и Ерменците. Претседателот на Миланскиот комитет, Монета, се обратил до министерот за надворешни работи со писмо, во кое му ја соопштил резолуцијата на митингот. „Ние знаеме, пишувал Монета, дека во дадениот случај се судирале многубројни интереси, дека работата се однесувала за сложени и деликатни проблеми, освен за решението на Источното прашање, во смисла благопријатно за мирот и цивилизацијата. Но, мерките против несреќата, која ја поднесува христијанското население во Турција, биле познати: уште неодамна тие биле посочени право врз претставниците на државите потписнички на Берлинскиот договр". Во продолжението се вели: „За жал, и досега не било пристапено кон сериозни практични мерки", па Монета, од името на целата земја, го моли министерот при разгледувањето судбината на Ерменија и Македонија, италијанската влада заедно со другите држави „да не ги заборави интересите на мирот и цивилизацијата, Италија, која воскреснала неодам на во нов живот, не може да ги гледа рамнодушно ужасните турски насилства, кои ѝ ги напомнуваат маките и солзите од нејзиното сопствено довчерашно минато. Италија ќе изгуби од славата и високото историско значење на својата национална епопеја ако не се одзве на повиците на народите кои го бараат правото да живеат мирно во својата родна земја".[8])

Комитетот „За Ерменија и Македонија" ја проширил својата активност низ цела Италија. Под негово содејство, или самостојно, вакви комитети биле формирани ширум цела Италија, и тоа во Рим, Палермо, Неапол, Фиренца, Торино и во други градови. Насекаде комитетите организирале митинзи и собранија. На таков начин италијанското општество се одзвало доста енергично на несносната положба во која се наоѓале угнетените народи на Балканот.

Во Рим, во текот на месец мај, биле организирани два митинга. Првиот митинг бил одржан на 7 мај во театарот „Adriano" (Адриано). На него присуствувале видни личности на италијанскиот политички и културен живот, како и гости од странство. Меѓу нив се наоѓал и Анатол Франс. Претседател на ми-

---

[7]) Во овој град во февруари 1903 година бил формиран комитет наречен „За Ерменија и Македонија" (Pro Armenia e Macedonia).

[8]) Реформи, (София), V/15, 15. V 1903, 1.

тингот бил познатиот професор Серџи. Со своите говори тие обрнале внимание на ерменскиот револуционер Лорис Меликов, кој рекол дека Македонците и Ерменците ги свртиле своите погледи кон Италија, барајќи милосрдност од земјата на човечноста и слободата. Потоа социјалистот Касала зборувал дека против турските ѕверства треба да се организира пролетаријатот во Македонија и Ерменија. Знаменит говор одржал Анатол Франс, кој се задржал врз положбата на поробените народи во Отоманската империја и се заложил да се исполнат решенијата на Берлинскиот договор, нагласувајќи ја улогата на силите и на јавното мислење за издејствување на нивното спроведување во дело. По овие говори проф. Серџи предложил резолуција, која била еднодушно примена. Во неа се барало од европската дипломатија да стави крај на несносните прилики во Отоманската империја.[9])

Вториот митинг бил одржан на 24 мај, пак во театарот „Адриано". Претседавал повторно проф. Серџи. На митингот биле присутни околу 4.000 луѓе, а на работната маса на претседателството биле забележани Анатол Франс, Лорис Меликов (ерменски бегалец), проф. De Gubernatis (Де Губернатис), пратеникот Del Balzo (Дел Балцо). И на овој митинг се инсистирало, како од говорниците така и во донесената резолуција, на потребата од исполнување на решенијата на Берлинскиот договор и токму на оние клаузули што гарантирале ред и мир во Македонија. На митингот Анатол Франс, меѓу другото, рекол: „Само извршувањето на оној член што осигурува мир во Ерменија и Македонија, може да ја ослободи Европа од непрестајното неспокојство што ѝ го причинува она што веќе долго време се вика Источно прашање".[10])

Покрај комитетот „За Ерменија и Македонија", во Италија бил формиран и друг комитет во врска со ситуацијата на Балканот, кој имал за цел да се продолжи легалната агитација започната од порано, за да се поттикне владата енергично да интервенира во корист на народите во регионите на Балканскиот Полуостров што биле под власта на Отоманската империја. Во еден извештај на италијанското министерство за внарешни работи од Рим на 13 мај 1903 година, испратен до италијанскиот министер за надворешни работи се вели дека тој комитет бил основан во Милано и го носел името „Pro-Balcani" (За Балканот). Претседател на овој комитет бил Ernesto Teodoro Moneta

---

[9]) Христо Андонов-Полјански, Одгласот на Илинденското востание во Америка и Европа. Сп. Историја (Скопје), IV/1, (1968), 57—58.

[10]) Христо Андонов-Полјански, op. cit., 58 L'Illustrazione Italiana, (Milano), XXX/22, 31. V 1903, 441.

(Ернесто Теодоро Монета). Покрај Монета во овој комитет влегувале и други претставници на различни локални партии.[11])

Ваквата активност на овие комитети, организирани во Италија, уште повеќе се засилила во времето на Илинденското востание од 1903 година.

### б) Италијанската јавност за ситуацијата во Македонија по избувнувањето на Илинденското востание

За одгласот на Илинденското востание од 1903 година во Италија наоѓаме прилози во италијанскиот печат кој и за предилинденските настани доста опширно пишувал во врска со оваа проблематика. Посебно со своите дописи се истакнувале италијанските весници: „Avanti",[12]) „Il Giornale d'Italia",[13]) „Corriere della Sera"[14]) и др. Освен во овие, интересни податоци за организационата структура на Револуционерната организација во Македонија среќаваме и во некои списанија, како на пр., „L'Illustrazione Italiana", што секако ни покажува со каква заинтересираност се следат настаните во Македонија. Весниците различно го коментираат проблемот за разрешувањето на македонското прашање. Конзервативните официјални органи, раководејќи се од свои интереси и од својот посебен однос кон балканската политика, го штителе интегритетот на Отоманската империја и се залагале за зачувување на територијалното статус -кво. Либералниот печат, кој отпрвин бил за спроведување на поумерени реформи, подоцна барал поенергична интервенција на силите во работите на Отоманската империја. Социјалистичкиот печат повеќе го нагласувал ставот, дека единствено решение е во автономијата на Македонија. Избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година, имало силен одглас кај италијанското општествено мислење кое ги изразувало своите симпатии спрема македонското ослободително дело и барало енергична интервенција за подобрување на положбата во Македонија. Меѓу првите реагирале Старите гарибалдинци во Венеција кои, како што пишувал весникот „Реформи" од 16 август 1903 година, тие денови имале собрание во врска со настаните во Македонија и на него ја примиле следнава резолуција: „Восхитени од јунаштвото на македонските браќа, кои силно се борат против тиранијата на една влада што е негација на справедливоста и цивилизацијата, — старите венецијански гарибалдинци, од името на сите италијански гарибалдинци, им испраќаат свој братски поздрав на македонските борци изразувајќи желба, цивилизарана Европа да го отфрли егоизмот што ја срамоти, и да

[11]) AMC, Roma, 13 maggio 1903, M-LX/710.

[12]) Централен орган на италијанските социјалисти.

[13]) Весник на приврзаниците на десните либерали.

[14]) Најраспространет и највлијателен буржоаски весник во Италија.

се замеша во нерамната јуначка борба и да установи во Македонија влада што ќе даде гаранција за мир, правда и прогрес". Во продолжение се вели дека некои од италијанските гарибалдинци се потвеле да се борат за слободата на Македонија.[15])

Како потврда на ваквата активност на Старите гарибалдинци, може да ни послужи и писмото на конзулот на Отоманската империја во Венеција од 20 август 1903 година упатено до префектот на градот. Тој го известува за писмото пристигнато од Ферара, во кое се зборува за активноста искажана во корист на македонската кауза.[16]) И во таа смисла тој барал податоци за личноста настанета во овој град, застапник на интересите на македонските востаници, а истовремено да се преземат и неопходни мерки да се спречи регрутирање на доброволци од Италија за учество во востанието во Македонија.

Меѓутоа префектот известува дека, според собраните информации во Венеција и во Ферара, можело да се констатира дека во оваа провинција немало личности, овластени за регрутирање во корист на македонските востаници. Исто така префектот на Ферара известувал дека во овој град биле непознати божемните Ilio Pietro Romanini и Manaferri Paolo, автори на писмото упатено до конзулот на Македонија. Овие информации биле упатени до Министерството за надворешни работи на Италија, со цел известување на отоманската амбасада во Рим.[17])

Промакедонската активност во Италија била факт. Преку печатот може да се следи и акцијата на јавноста во Италија во полза на македонската кауза.

По избувнувањето на Илинденското востание и непосредно по неговото завршување, уште повеќе се засилила активноста на веќе порано споменатите комитети „За Ерменија и Македонија", кога преку агитации дејствувале да го популаризираат македонското дело и преку помошни акции да соберат што повеќе прилози во полза на настраданите во Македонија за време

---

15) Андоновски Г. Христо, Ковач Бранко, Мокров Боро, Михаилов Панче и Поповски Ј. Јован, Странскиот печат за Илинденското востание. Скопје 1953, 72.

16) Целосниот текст на споменатото писмо гласи:

„Многу почитуван господин конзуле на Македонија,

Готови да заминеме за да ја дадеме нашата помош, нашата душа за македонската кауза се обраќаме со доверба до Вас како би ни го посочиле побрзиот начин да се вклучиме во редовите на востаниците. Млади сме, ослободени од сè, обучени, полни со воењубив жар.

Готови сме да дојдеме во Венеција за една средба. Сигурно дека се интересираме за трошоците за патување до местата на војната. Топло ве поздравуваме. Очекуваме брз и подробен одговор.

Ferrara, 18 agosto 1903.

Со почит, потпишани
(Manaferri Paoli)
(Ilio Pietro Romanini)

17) Ibidem.

на востанието. Ширум цела Италија се проширило промакедонското движење. Комитетите „За Ерменија и Македонија" ја зголемиле својата дејност. Непосредно по востанието овој комитет испратил низ цела Италија проглас во кој се вели:

„Во Македонија се води натчовечна борба. На двете страни убиствата продолжуваат. Турците грмат со топови, Македонците одговараат со динамит. Долго христијаните во Македонија ќе бидат изложени на огинот и гневот на Турците, долго ќе ги ужасува оживеаниот турски фанатизам и Ерменците кои имаат иста судбина. Во името на поробеното човештво се формира во Милано прв италијански комитет за Ерменија и Македонија, кој брои 4.000 граѓани од сите политички партии. Комитетот ги изразува следните желби: цивилизирана Европа нека бара турската влада да ги почитува човечките закони и меѓународните спогодби; автономната управа нека ги смири незадоволните елементи од разните народности и нека се запрат верските и племенските омрази, политиката на италијанската влада со успех нека се замеша во европскиот концерт."[18])

Во споменатиот манифест се обвинуваат големите европски држави, на кои им припаѓала улогата на арбитер, на кои меѓународните договори им ја даваат заштитата на христијанското население, и кои се обврзале да бдеат над одржувањето на обврските потврдени со Берлинскиот договор, за неизвршување на својата задача.

На крајот во манифестот се инсистира, без нарушување на општиот ред на Отоманскиот исток, да не се раздразнува зависта и амбициите на големите сили, на потребата да ѝ се осигурат на Македонија благодетите на редот и на мирот.[19])

Прогласот направен од страна на миланскиот комитет бил објавен во сите италијански весници и бил дочекан со симпатии од италијанската јавност. Се изразувала согласноста со поставените барања за решение на кризата во Македонија, во сите италијански средини. Покрај тоа, и други организации преземале самостојни акции во полза на македонскиот народ. Тоа биле гарибалдинците, на чело со потомокот на Џузепе Гарибалди —

---

[18]) Slovenski Narod, 18. IX 1903, 1—2. Цит. според Христо Андонов — Полјански, Одгласот на Илинденското востание во Америка и Европа. Сп. Историја (Скопје). IV/1 (1968), 58.

[19]) Потписници на манифестот биле Е.Т. Монета претседател на Комитетот „За Ерменија и Македонија"; Грациадио Асколи, сенатор на Кралството; проф. Франческо Анџолини, општински советник; Г. А. Бјанки, од „Кориере дела Сера"; адвокатот Џузепе Болоњези, публицист; д-р Г. Калви, од „Вита Интернационале"; адвокатот Иноченцо Капа, директор на „Италиа дел Пополо"; инженерот Луиџи де Андреис, пратеник; адвокатот Луиџи Маино, пратеник; адвокатот Џовани Мичели, публицист; д-р Џузепе Пинарди, публицист; госпоѓа Александрина Равица; адвокатот Карло Ромуси, директор на „Секоло". AMC, Milano, Settembre 1903, M-LX/712. sn. 94.

Ричоти Гарибалди кои готвеле одред на доброволци за да им пријдат во помош на македонските востаници.[20])

Инаку интересно е овде да се споменат и погледите на Ричоти Гарибалди за решавање на Источното прашање, во врска со тоа и на македонското прашање. Тие погледи се изнесени на собирот во градот Лењано, организиран од Републиканскиот клуб „Епаминонда Ферари", а по покана на Комитетот од Милано се свикани локалните здруженија за формирање на потткомитет. По читањето на уводното излагање пратеникот на округот Карло дел Аква бил избран за претседател на собирот. Тој го изнесол мислењето на човекот кој уживал голема популарност во Италија било поради самата негова личност, било заради неговото потекло како син на Џузепе Гарибалди. Тој добро ги познавал причините за борбите на македонскиот и ерменскиот народ. Што се однесувало до македонското прашање и неговото решавање, неговите погледи биле идентични со оние на Презанс.[21])

Програмата на Ричоти Гарибалди била вака конципирана: 1. Една замислена и подалечна програма која ќе ги содржи сите барања за составот во националното единство на Сојузот на разните балкански народи; 2. Една практична програма во моментот, која ќе го допушти територијалниот интегритет на Отоманската империја, но истовремено реформите не ќе ги наведува како прилика за смирување, туку за мешање на Австрија и Русија во работите на Империјата. Тој се залагал за реформи поставени врз база на Сојуз на просветените нации.[22])

Истиот Гарибалди изјавил дека ако италијанската дипломатија продолжела и понатаму пасивно да се однесува кон положбата на угнетените народи во Отоманската империја, тој е решен да оди од град во град, од село во село во Италија, и во случај на потреба да собере дваесетина луѓе за да однесат помош на населението во Македонија.[23])

Со името на Ричоти Гарибалди се среќаваме и во почетокот на 1904 година во врска со престојот на Сарафов и Герџиков во Рим. Двајцата воделе разговор со маркизот di San Giuliano (ди Сан Џулиано), а исто така разговарале и со разни новинари. Но нивната главна намера била да разговараат со Ричоти Гарибалди.

Во текот на својот престој тие биле будно следени од италијанските власти. Генералниот директор на јавната сигурност

---

20) Христо-Андонов-Полјански, op. cit., 59. В. Нова Македонија, 18. VII 1978. 10.

21) Manifestations franco-anglo-italiennes, pour l'Arménie et la Macédoine. Préface de Victor Bérard. Introduction de Pierre Quillard, Rapport de Francis de Pressensé. Paris 1904, 219.

22) Ibidem, 219.

23) Ibid., 219.

Леонарди сметал, дека целта на доаѓањето на гореспоменатите двајца агитатори во Рим, била подготовка за создавање на еден комитет „Pro-Macedonia", кој пролетта би иницирал во цела Италија регрутирање на млади Италијанци, заради формирање на вооружени чети. Потоа тие би биле префрлени во Македонија со цел таа уште повеќе да се разбунтува и да бидат помогнати востаниците. Командата на таквите чети ќе му била понудена на Ричоти Гарибалди.

Како потврда на ова служи и испратената доверлива информација од италијанскиот амбасадор во Париз, до Министерството за внатрешни работи на Италија — генералната дирекција за јавна сигурност. Во информацијата се велело следното: „Познатиот македонски агитатор Борис Сарафов овде им има изјавено на револуционерите дека оди во Италија за да се состане со Ричоти Гарибалди и да го поттикне да формира еден одред на доброволци кои ќе дојдат напомош на Македонија".[24])

Инаку промакедонските одгласи во Италија продолжиле и понатаму во 1904 и 1905 година. Митинзите и собранијата биле одржувани и во овој период. Така, на 12 јуни 1904 година во Палермо бил одржан митинг за Македонците, на кој присуствувале највидните политичари скоро од цела Сицилија. Говорниците во своите истапи ја истакнувале мошне лошата положба на македонското население. Била донесена резолуција со која се повикувале Силите да ја исполнат својата должност.[25])

Треба да се напомене дека италијански претставници го изнесувале својот став спрема настаните во Македонија и на митинзи организирани и во други земји. Најголем број на делегати од Италија истапувале на митинзите одржувани во Франција. Таков, на пр., бил меѓународниот македонски митинг одржан на 25 октомври 1903 година во познатиот парискиот театар „Сара Бернар". На овој митинг присуствувале видни претставници на политичкиот и културниот живот не само од Франција, туку и од Велика Британија, Италија и САД. Италијанските делегати Pietro Mazzini (Пиетро Мацини) и Bocciardo (Бочардо) (делегиран од Римскиот комитет) во своите излагања зборувале за активноста на промакедонските комитети во Италија. Потоа во своите говори на митингот, тие ја нагласувале сериозноста на настаните во Македонија, и потребата од поефикасна контрола и поенергични мерки за реформирање

---

[24]) АМС, Roma, 15. I 1904, M/101, сн. 19—21. Интересно е да се спомене дека одред на новопојавени „гарибалдинци" кон крајот на 1912 година, учествувал во борбите против Турците кај Јанина. Синовите на Ричоти Гарибалди, Бруно и Костанте, загинале како доброволци на францускиот фронт, во Првата светска империјалистичка војна кон крајот на 1914 и почетокот на 1915 година.

[25]) Христо Андонов-Полјански, op. cit., 59.

на Македонија. За овие реформи тие изнесувале и критички становишта.[26])

По востанието, во Италија започнала да се собира помош во полза на настраданото македонско население. Повеќето весници отвориле потписка за помош. Папата одделил од своите средства помош за настраданите. Собраните средства биле испраќани во Македонија и во Бугарија за помагање на македонските бегалци.[27])

По востанието, во Италија биле објавени повеќе студии и патописи за Македонија. Автори биле италијанските новинари и публицисти, кои пред, во време и по востанието ја посетиле Македонија. Во овие трудови тие ја опишувале положбата во Македонија и инсистирале за изнаоѓување на поволно решение за македонското прашање. Особено во тоа се истакнал Вико Мантегаца со својата студија Macedcnia (marzo-aprile 1903) издадена во Милано во 1903 година.[28]) Споменатиот труд претставува една од најкомплексните студии каде што за првпат се третира италијанскиот став спрема македонското прашање во рамките на италијанската политика спрема Балканот и Отоманската империја. Оваа студија е една од малобројните дела каде што во целина се зборува за италијанската политика спрема Македонија. Студијата е издадена непосредно пред избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година. Вико Мантегаца бил автор и на низа дописки објавени во списанието „L'Illustrazione Italiana" во врска со положбата во Македонија во времето на Илинденското востание и по неговото задушување. Со своите прилози се истакнал и Л. Вилари. Интересни податоци за ситуацијата во Македонија по Илинденското востание дал и Франческо Гуичардини во своите патописи.[29]).

* *
*

Отоманската империја во крајот на XIX и почетокот на XX век покажувала сериозни симптоми на распаѓање. Сè поголем замав добивале националноослободителните движења на поробените народи и со тоа сè повеќе се влошувала внатрешната положба во Отоманската империја. Тешките економски и политички услови го принудиле македонскиот народ во револуционерната борба и преку масовното учество во Илинден-

[26]) Manifestations ..., op. cit., 282-285.

[27]) Христо Андонов-Полјански, op. cit., 59.

[28]) Vico Montegazza, Macedonia (marzo-aprile 1903). Milano, 1903, 340.

[29]) Francesco Guicciardini, Impressioni di Macedonia. Nuova antologia di lettere, scienze ed arti. Quarta serie (Marzo-Aprile), Roma 1904, 25-29, 224-244.

ското востание од 1903 година, да бара спас од сè поголемата угнетувачка политика на отоманските власти. Борбата на македонскиот народ за национално ослободување во времето на Илинденското востание, оставила изразит впечаток сред некои кругови на општественото мислење во некоклку земји во Америка и Европа. Тоа имало силен одглас и кај италијанските општествено-политички кругови кои на различни начини ја искажале својата заинтересираност во врска со овој настан. На чело на движењето во полза на македонското ослободително дело стоеле специјално основаните за таа цел комитети „За Ерменија и Македонија" кои се стремеле, преку митинзи и агитација во печатот — да го натераат италијанскиот парламент и владата да дејствуваат за поенергични постапки од страна на Европа во полза на христијанското население во Отоманската империја. На таков начин италијанското општество се одзвало доста енергично на несносната положба во која се наоѓале угнетените народи на Балканот.

Kočo Sidovski

## THE ECHO OF THE ILINDEN UPRISING IN ITALY IN 1903

### Summary

The Ottoman Empire was showing serious marks of decay towards the end of XIX and the beginning of XX century. The liberation movements of the opressed peoples were in full swing as the internal situation in the Ottoman Empire was becoming worse. Bad economic and political conditions forced the Macedonian people in the revolutionary struggle through the mas participation in the Ilinden uprising of 1903 to ask for salvation from the bigger oppressor's policy of the Ottoman authorities. The struggle of the Macedoniad people left a deep impression on some circles of the social opinion in a few countries in America and Europe. It also had a strong echo with the Italian socio-political circles who expressed their interest regarding this event in different ways. At the head of the movement on behalf of the Macedonian liberation act there were specially established committees „Pro Armenia e Macedonia" — who aimed through meetings and popaganda in the press to enforse the Italian Parlament and Government to act for more active treatments by Europe on behalf of the Christian population in the Ottoman Empire. In this way the Italian society stood in defense of the opressed peoples in the Balkans.